Огласуваме слободно работно место на позицијата: МАШИНСКИ ИНЖЕНЕР ЗА ИЗРАБОТКА НА ПОНУДИ И РЕШЕНИЈА.

Озон има потреба од машински инженер, кој ќе му се придружи на нашиот тим во Скопје. Кандидатот ќе биде одговорен за **изработка на решенија, креирање понуди и вршење продажба на системи и опрема за климатизација, ладење, греење, вентилација и дргуи производи**.

**Потребно е да се исполнат следниве услови за да се конкурира:**

- Завршен Машински Факултет - насока Термотехника ќе се смета за предност
- Претходно работно искуство не е предуслов, но ќе се смета за предност
- Доколку кандидатот поседува овластување Б или А ќе се смета за предност
- Познавање програми за 2Д и 3Д цртање – "Autocad MEP" и слични
- Познавање програми за работа на компјутер – "excel, word" и други
- Солидно познавање англиски или германски јазик
- Возачка дозвола Б категорија
- Да поседува вештини за комуникација, позитивен однос кон околината, грижа кон луѓето и одговорност кон работата

**За следниве работни задачи**

- Фреквентна и континуирана комуникација со купувачи и водење записи
- Исполнување месечни и годишни планови за продажба
- Достапност кон претпоставените и купувачите во секое време
- Изработка на решенија, избор на опрема и креирање понуди према купувачи во најкратко време
- Одговорен и посветен однос кон работата, спремност за завршување на задачите во краток временски рок, во смени и во различни денови од неделата
- Комплетирање документација за проекти, опрема и производи согласно со барани прописи и технички стандарди
- Организација и архивирање документација за тековната работа
- Изработка на извештаи, маркетиншки материјали, кампањи за продажба
- Примена и реализација на современи решенија и технологии

**Се добиваат следниве услови за работа**

- Редовни примања
- Можност за обука и стекнување нови знаења
- Можност за посета и учество на саеми и други стручни надградувања
- Возило и мобилен телефон за извршување на службените задачи
- Награди за квалитетно извршување на работните задачи
- Исплата на регрес за годишен одмор согласно со условите за стекнување
- Можност за остварување новогодишен или друг надоместок

Доколку сте заинтересирани испратете ги вашата биографија и писмо за мотивација на **Македонски јазик** на адреса: vrabotuvanje@ozon.com.mk